

# ТРКАЛЕЗНА МАСА
# 22.12.2023 година Штип

Вонреден професор д-р Марија
Амповска

# Правилата за одговорност за штета како поттик за развој на интелектуалната сопственост во домашното право

Панел – ОДГОВОРНОСТА ЗА ШТЕТА И ПРАВОТО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

# ПОВРЗАНОСТ

СУПСИДИЈАРНА ПРИМЕНА НА НОРМИТЕ НА ОБЛИГАЦИОНОТО ПРАВО ВО ОБЛАСТА НА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ ВО СЛУЧАЈ КОГА ОДНОСОТ ОД ОВАА ОБЛАСТ НЕ Е РЕГУЛИРАН СО СПЕЦИФИЧНА, ПОСЕБНА НОРМА

# КАРАКТЕР НА ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИТЕ ОДНОСИ

- Член 16 од ЗОО:“Врз облигационите односи што се уредуваат со други закони се применуваат одредбите од овој закон во прашањата што не се уредени со тие закони"

**СИСТЕМСКИ ОСНОВЕН ЗАКОН**

- Член 17 став 1 од ЗОО:“Одредбите од овој закон што се однесуваат на договорите се применуваат врз сите видови договори, освен ако за трговските поинаку не е изречно определено"

**ЕДИНСТВО ВО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОМЕТНИТЕ ОДНОСИ**

# ЗИС УПАТУВА НА ПРИМЕНА НА ЗОО ВО ЧЛЕН 274 И ЧЛЕН 299

**договори**

- во член 274 се вели дека освен одредбите на овој закон, на договорите за пренос и лиценца се применуваат и одредбите на Законот за облигационите односи.

**штета**

- Во член 299 став 1 се вели дека лицето кое ќе ги повреди правата од индустриска сопственост уредени со ЗИС одговара за штета според општите правила за надомест на штета од ЗОО

**стекнување без основ**

- Против лицето кое без правна основа, судска одлука или закон неовластено превзема некои дејствија со кои се повредува право стекнато врз основа на овој закон и притоа се стекнало со одредена корист со тужба може да бара враќање или надоместок на таа корист согласно правилата за стекнување без основ од ЗОО

(1) ЛИЦЕТО КОЕ ЌЕ ГИ ПОВРЕДИ ПРАВАТА ОД ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ УРЕДЕНИ СО ОВОЈ ЗАКОН ОДГОВАРА ЗА ШТЕТА СПОРЕД ОПШТИТЕ ПРАВИЛА ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА ОД ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ.

(2) СО ТУЖБАТА МОЖЕ ДА СЕ БАРА ПЛАЌАЊЕ НАДОМЕСТОК ВО ИЗНОС КОЈ СО ОГЛЕД НА ОКОЛНОСТИТЕ БИ МОЖЕЛ ДА СЕ БАРА ВО ДОГОВОРОТ ЗА ЛИЦЕНЦА ДОКОЛКУ ИСТИОТ БИЛ СКЛУЧЕН.

(3) ПРОТИВ ЛИЦЕТО КОЕ БЕЗ ПРАВНА ОСНОВА, СУДСКА ОДЛУКА ИЛИ ЗАКОН, НЕОВЛАСТЕНО ПРЕЗЕМЕ НЕКОИ ДЕЈСТВИЈА СО КОИ СЕ ПОВРЕДУВА ПРАВО СТЕКНАТО ВРЗ ОСНОВА НА ОВОЈ ЗАКОН И ПРИ ТОА СЕ СТЕКНАЛО СО ОДРЕДЕНА КОРИСТ, СО ТУЖБАТА МОЖЕ ДА БАРА ВРАЌАЊЕ ИЛИ НАДОМЕСТОК НА ТАА КОРИСТ, ВО СОГЛАСНОСТ СО ОПШТИТЕ ПРАВИЛА ЗА СТЕКНУВАЊЕ БЕЗ ОСНОВ ОД ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ.

(4) БАРАЊАТА ОД СТАВОВИТЕ (1), (2) И (3) НА ОВОЈ ЧЛЕН МЕЃУСЕБНО НЕ СЕ ИСКЛУЧУВААТ. ВО СЛУЧАЈ НА КУМУЛАТИВНО ПОСТАВЕНИ БАРАЊА ОД СТАВОВИТЕ (1), (2) И (3) НА ОВОЈ ЧЛЕН СУДОТ ЌЕ ПОСТАПУВА ВО СОГЛАСНОСТ СО ОПШТИТЕ ПРАВИЛА ОД ЗАКОНОТ ЗА ОБЛИГАЦИОНИ ОДНОСИ.

# Член 299 од ЗИС

**Надомест на штета, вообичаен надоместок и корист стекната без основ**

## ЗАКОН ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

**Службен весник број: 21/2009; 24/2011; 12/2014; 41/2014; 152/2015; 53/2016; 83/2018; 31/2020;**

**Граѓанска казна**

### Член 303

- (1) При повреда на правата стекнати врз основа на овој закон, ако правата се повредени со намера или крајна небрежност, носителот на правото може да побара исплата на вообичаениот надоместок зголемен до 200%, **независно дали заради повредата претрпел имотна штета во тој износ.**
- (2) При одлучувањето по барањето за плаќање казна од ставот (1) на овој член и одмерувањето на нејзината висина, судот ќе ги има предвид сите околности на случајот посебно степенот на вината на тужениот, износот, вообичаениот надоместок, како и превентивната цел на казната.
- (3) Доколку имотната штета е поголема од казната, носителот на правото има право да ја бара разликата до целосно обештетување.

Тс.бр.28/2018 Основен суд во Кочани

утврдување на повреда на право на трговска марка и изрекување на граѓанска казна

# образложение

- Од изведениот доказ Решение бр. од 02.06.2016г. издадено од Државниот завод за Индустриска сопственост на РМ судот утврди дека на тужителот сметано од 13.06.2014г. му било признато право на трговска марка во знак во боја односно комбинација на бои и тоа жолта, црна и бела. Исто така од увидот во истото решение заштитениот знак стои во Решението на Заводот и го има следниот изглед. Жолта табла на која со црни бројки преку целата табла е испишан бројот на таксито во средината на таблата има нацртано круг во кој постојат црни сенки на згради над кои стои натпис ,, мој град мое такси,,, а на долниот дел од кругот стои натпис ,,citi taxi,,
- Дека тужениот го користел овој знак судот утврди од изведениот доказ распит на сослушаниот сведок предложен од страна на самиот тужен Катерина Карадаковска која изјави дека тужениот спорниот знак го користел околу една година. Исто така и од распитот на законскиот застапник на тужениот-управителот П Б судот утврди дека тужениот спорниот знак го користел околу 5 месеци.

# ГРАЃАНСКА КАЗНА

- Во поглед на изрекувањето на граѓанската казна судот тужбеното барање го усвои ,бидејќи се исполнети условите од цитираната одредба од член 303 од Законот за индустриска сопственост и поради тоа што тужениот му го повредил на тужителот исклучивото право на користење на заштитениот трговскиот знак должен е да плати граѓанска казна односно да му го исплати на тужителот вообичаениот надомест зголемен за 200%. Во оваа насока судот имајќи ги во предвид сите околности на случајот посебно степенот на вината на тужениот, му изрече граѓанска казна во износ од 10.000,оо ден. која зголемена за 200% изнесува 30.000,оо ден. При изрекувањето на граганската казна судот особено ги имаше во предвид и изјавата на сослушаниот сведок предложен од страна на самиот тужен К.К. која изјавија дека тужениот спорниот знак го користел околу една година, како и од изјавата на законскиот застапник на тужениот-управителот П Б кој пак изјави дека знакот го користел околу 5 месеци.

# ТСЖ-2081/19 АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ
# НАДОМЕСТ НА ШТЕТА И ИСПЛАТА НА ГРАЃАНСКА КАЗНА, ВРЕДНОСТ НА СПОРОТ 333.154.826,00 ДЕНАРИ

- Имајќи ја предвид правилно и целосно утврдената фактичка состојба како и укажувањата на Апелациониот суд С. во пресудата ТСЖ број 832/19 од 07.06.2019 година, дека при непостоење на стекнување без основ и непостоење на утврдена штета поради повреда на право од индустриска сопственост со намера и крајна небрежност, не може да се досудува граѓанска казна, правилно постапил првостепениот суд кога утврдил дека тужбеното барање на тужителот за исплата на граѓанска казна во износ од 3.600.000,00 евра, со законска казнена камата на овој износ сметано од 11.06.2018 година до исплатата, е неосновано, поради што одлучи како во изреката на обжалената првостепена пресуда.

# Стојалиште на првостепениот суд

- При тоа при повторно одлучување, постапувајќи по дадените напатствија на Апелациониот суд С. дадени во одлуката ТСЖ бр.832/19, правилно првостепениот суд застанал на стојалиште дека во случајот отпаднал основот првотужениот да биде задолжен со плаќање на граѓанска казна во износ од 3.600.000,00 евра и овој вид на надоместок не се досудува независно од претрпената имотна штета со камата од денот на поднесување на тужбата до конечната исплата, а согласно со чл.266 и чл.266 б од ЗОО, туку само доколку се утврди стекнување без основ односно за граѓанска казна може да стане збор само во услови на постоење на штета поради повреда на правото на индустриска сопственост со намера и крајна небрежност како што предвидува чл.303 од ЗИС, што по аналогија значи дека граѓанска казна не може да се досуди доколку не се утврди постоење на штета, а посебно како во случајот кога тужителот не доставил докази ниту вештачење за евентуално претрпената штета во насока на нејзин обем, висина и причинско последична поврзаност.

# ПРОДОЛЖЕНИЕ

- Точно е тоа дека чл. 294 од ЗИС предвидува можност лицето чие право е повредено со тужба да бара и определување на граѓанска казна. Меѓутоа граѓанска казна не се досудува во секој случај како што се укажува во жалбата на тужителот Согласно чл.303 став 1 од Законот за индустриска сопственост ако правата се повредени со намера или крајна небрежност, носителот на правото може да побара исплата на вообичаениот надомест зголемен за 200%. Доколку имотната штета е поголема од казната, носителот има право да бара разлика до целосно обештетување. Од оваа законска одредба јасно произлегува дека граѓанската казна не постои, доколку не постои штета односно дека граѓанска казна се пресметува доколку правата се повредени со намера или крајна небрежност, како замена за штета која треба да биде утврдена, а во случајот тужителот тоа не го докажал, ниту пак докажал дека тужителот е ностите на правото на трговска марка „Инса“. Оттука произлегува дека тужителот нема никакви докази ниту пак основ во законот за побарување на стекнато без основ или штета, а уште помалку за граѓанска казна

# Трговска марка

Домен кој ја имитира ТМ



# Образложение

тужителот е основан на 17.08.2006 година со приоритетна дејност 63.11 обработка на податоци хостирање и слични дејности. Тужениот е основан на 04.04.2011 година со приоритетна дејнсот 63.11 Обработка на податоци хостирање и слични дејности. Со исправа бр………. на тужителот му било признато право на трговската марка next-em (како знак) со право на првенство од 21.08.2009 година до 21.08.2019 година за производите и услугите од класата 9, 35, 37, 38, 40, 41 и 42 од Меѓународната класификација на производи и услуги. Оваа трговска марка била објавена во службеното гласило на Државниот завод за индустриска сопственост на 31.12.2010 година. На 24.08.2014 година тужениот извршил повреда на името и логото на трговската марка next-em, на начин што до Македонската академска истражувачка мрежа МАРнет поднел барање за регистрација на домен next-em.mk. По спроведената постапка на регистрација на домен, Македонската академска истражувачка мрежа Марнет (која го води реистарот на мк домени) извршила запишување на доменот next-em.mk на име на тужениот во Единствениот регистар на регистрирани домени од 24.08.2014 година до 11.11.2014 година.

# Правилник на МАРнет

- Според чл.16 ст.1 од Правилникот за организацијата и управувањто со врвниот македонски МК домен и врвниот македонски МКД домен (донесен од МАРнет на 21.05.2014 година), бројот на домени кој може да ги регистрира еден регистрант е неограничен. Меѓутоа, според чл.25 ст.1 од означениот правилник, **регистрантот е одговорен за секоја регистрација на домен која не е во согласност со целта на доментот и е во спротивност со одредбите од овој Правилник. Согласно со ст.2 од истиот член регистрантот сноси одговорност за евнетуална повреда на интелектуалната сопственост** (авторско право, индустриска сопственост и друга заштита согласно со прописите кои ја регулират оваа материја), како и за секоја штета настаната како резултат на таква повреда, а која произлегува од покренување постапка за регистрација на домен или употреба на домен.

ПРАВИЛНО УТВРДИЛ ПРВОСТЕПЕНИОТ СУД ДЕКА САМИОТ ФАКТ ШТО ПРИ РЕГИСТРАЦИЈА НА ДОМЕНОТ NEXT-EM.MK ТУЖЕНИОТ УПОТРЕБИЛ ИДЕНТИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ СО ЗАШТИТЕНАТА ТРГОВСКА МАРКА НА ТУЖИТЕЛОТ NEXT-EM, А ЈА ОДБИЛ ПОНУДАТА НА ТУЖИТЕЛОТ ЗА СПОГОДБЕНО НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ И ДОБОРОВОЛНО ОТСТАПУВАЊЕ НА ДОМЕНОТ, УКАЖУВА НА ПОСТОЕЊЕТО НА НАМЕРА НА ТУЖЕНИОТ ДА ГО ЗЛОУПОТРЕБИ ЗАШТИТЕНОТО ПРАВО НА ТУЖИТЕЛОТ.

Утврдена (докажана) намера

# УТВРДЕНО ПОСТОЕЊЕ НА ШТЕТА

Според супер вештачењето СВ III бр.263/17 од јуни 2017 година во текот на 2013 година тужителот не остоварувал приходи по основ на регистрација и одржување на домени и хостинг услуги во текот на 2014 година вкупните приходи на тужителот по овој основ изнесуваат 742.285,00 денари, а во 2015 година кога бил единствен корисник на доменот со заштитената марка next-em, тужителот остварил вкупен приход од 861.284,00 денари. Ако се споредат остварените приходи во 2014 година со оние во 2015 година се забележува зголемување од 16% или 118.999,00 денари. Во периодот од 24.08.2014 година до 11.11.2014 година во кој тужениот го имал регистрирано доменот next-em.мк, тужителот по основ на регистрација на домени и хостинг услуги остварил приходи во вкупен износ од 186.574,00 денари.

# СПОРЕДБА

**Надомест на штета**

- Сите видови на вина
- Штета мора да постои
- Сета штета

**Граѓанска казна**

- Исклучено е обично невнимание
- Штета мора да постои? (различна судска практика)
- Според висина на надоместокот
- Елемент на казна

- се става во сооднос со надоместок

- се зголемува износот за 200%